РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-813/12
27-08-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 22 – та седница одржана на 27.08.2025 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр.09-813/1 од 20.02.2025 година, оформен по пријава против службеното лице -------, член на Управниот одбор на ---------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК не утврди повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што нема елементи за понатамошно постапување.
Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

Предметот со бр.09-813/1 од 20.02.2025 година, е оформен врз основа на пријава од познат подносител во која се изнесуваат наводи за судир на интереси и неспојливост на функции.
Во пријавата се наведува дека лицето ----- покрај тоа што од страна на Советот на Општина ------ е именуван за член на Управниот одбор на ------, во исто време е именуван и ја врши и функцијата на заменик директор на Меѓуопштински центар за социјална работа – -----------.

По утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК го утврди следново:
Лицето ------ е вработен ЈУ Меѓуопштински центар за социјалната работа од ---- на работно место – дипломиран економист за стручна работа – одговорен сметководител со договор за вработување бр. 04-1261/3 од 01.11.2010 година. Со Решение за распоредување на работно место на административен работник со бр. 04-1027 од 18.07.2016 година наведеното лице е распоредено на работно место Одговорен сметководител. Понатаму, лицето ------- извршува и работни задачи и како лице за

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

јавни набавки согласно Законот за јавни набавки. Со Овластување до бр.03-975/1 од 12.08.2024 година, издадено согласно член 18 став 6 од Законот за социјална заштита, лицето ------ е овластен во случај на отсутност на ВД Директорот да го застапува, односно претставува ЈУ Меѓуопштински центар за социјалната работа од -------, како и да извршува други обврски, утврдени со истото овластување.

Законот за социјална заштита не го препознава терминот заменик директор, односно во член 103 од истиот закон е предвидено следново:
Орган на раководење
Член 103
„Со јавната установа за социјална заштита раководи директорот.
За директор на јавна установа за социјална заштита се избира лице кое покрај општите услови утврдени со закон, има високо образование утврдено со статутот на установата во зависност од природата на дејноста на јавната установа, да има четири години работно искуство по дипломирањето и подготвена програма за раководење со установата.
Директорот на јавната установа, основана од Владата го избира и разрешува министерот. Директорот се избира врз основа на јавен конкурс. Мандатот на директорот на установата трае четири години, со можност повторно да биде избран.
Директорот на јавната установа основана од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, го избира и разрешува градоначалникот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје.

Со цел превенција и спречување на потенцијален судир на интерес во кој би можело да се доведе лицето --------, ДКСК побара информација од Центарот за социјална работа во -------, дали истиот во периодот кога му е дадено Овластувањето со бр. 03-975/1 од 12.08.2024 година од страна на В.Д. директорот, за време на негово отсуство поради користење на правото на Годишен одмор, има потпишано акти како овластено лице, кои тој ги изготвил како Одговорен сметководител во служба за административни и помошно - технички работи, за што беше доставена информација дека наведеното лице не потпишало акти кои самото ги изготвило.

Понатаму, по однос на наводите дека ------ е именуван за член на Управниот одбор на --------, врз основа на добиената документација од институцијата е констатирано дека со Решение за именување на членови во Управниот одбор на ------ со бр.09-2879/6 од 07.12.2021 година лицето ------- е именувано за член на Управниот одбор, по што лицето има доставено барање за разрешување од позицијата член на Управен одбор на ЈКП ---- со приемен печат во Општина ------- на 16.01.2025 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 324...
https://www.dksk.mk

Согласно потврдената фактичка состојба, Државната комисија констатира дека во конкретниот предмет нема прекршување на забраните и ограничувањата за вршење на дополнителни дејности од страна на лицето ------ предвидени со одредбите од член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и не е настаната состојба на судир на интереси предвидена со член 2 став 3 од истиот Закон.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија на седницата одржана на ден 27.08.2025 година одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**
**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д. - член